# „Не ги спречувајте Божјите робинки од Аллаховите џамии. Но нека излегуваат без да се намирисаат.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Не ги спречувајте Божјите робинки од Аллаховите џамии. Но нека излегуваат без да се намирисаат.“

[حسن] [رواه أبو داود]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, им забранил на старателите и одговорните за жените да ги спречуваат да одат во џамија. Но им наредил на жените, кога излегуваат, тоа да биде без користење мириси и без да бидат разубавени – за да не бидат причина за искушение кај мажите.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65416